Република Северна Македонија

ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
ГРАДОНАЧАЛНИК
Бр. 15-515/2 од 21.07.2021

Општина Македонски Брод врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер(„Сл. Весник на РСМ “бр. 101/19) одлучувајќи по Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од 19.07.2021 год. доставено од [redacted], донесе

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер од 19.07.2021 год. доставено од [redacted], се одобрува и се даваат следните информации:

Општина Македонски Брод нема изготвено посебен акт со кој се регулираат начините за работа на официјалните социјални профили и веб страницата. Прибирањето на личните податоци на веб страницата е во согласност со прописите за заштита на личните податоци.

Општина Македонски Брод нема опција преку официјалната веб страница граѓаните и здруженија на граѓани да можат да поднесуваат граѓански иницијативи за распишување на локални референдуми, да поднесуваат барања за свикување на собири и сл.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

[redacted], до Општина Македонски Брод , достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер во кое бара да му бидат доставени информации за тоа:

1. Врз основа на кој акт локалната самоуправа ги регулира начините за работа на официјалните профили и веб адреса, поконкретно делот за блокирање, исклучување и забрана за коментирање на граѓанит?.

2.Дали локалната самоуправа има опција преку официјалната веб-адреса граѓаните и здруженијата на граѓани да можат да поднесуваат иницијативи за распишување на локални референдуми, покренуваат граѓански иницијативи, поднесуваат барања за свикување на собири на граѓани и да поднесуваат претставки и предлози до органите на локалната самоуправа?

ПРАВНА ПОУКА: Против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од приемот на Решението до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Службено лице,
Милка Стаменкоска

ГРАДОНАЧАЛНИК,
ЖИВКО СИЛЈАНОСКИ дипл.шум.инж.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД